**Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А**

**Министерство за здравство**

# П Р А В И Л Н И К

**засистематизација на работните места во Министерството за здравство**

**Скопје,  Декември 2015 година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на Република Македонија“, бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), Министерот за здравство на ден _________.2015 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за систематизација на работните места во Министерството за здравство**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се утврдува вкупниот број на вработените (административни службеници, даватели на услуги, помошно – технички лица) во Министерството за здравство, распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

**Член 2**

Работите и задачите што се вршат во Министерството за здравство се определуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

**Член 3**

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во Министерството за здравство.

**Член 4**

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во Министерството за здравство е во прилог на овој правилник.

## II. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

**Член 5**

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно **185** работни места на административните службеници ), **25** работни места за помошно технички лица,

односно вкупно **210** работни места, распоредени по организациони единици согласно со Правилникот за внатрешна организација на Министерството за здравство, од кои пополнети се **136** работни места на административните службеници и **4** работни места на помошно технички лица, или вкупно пополнети работни места се **140** распоредени на следниот начин:

| Административни службеници | | |
|---|---|---|
| Ниво | Систематизирани работни места | Пополнети работни места |
| А01 | 1 | 1 |
| Б01 | 11 | 10 |
| Кабинетски и посебни советници | 6 | 0 |
| Б02 | 12 | 12 |
| Б03 | 9 | 7 |
| Б04 | 26 | 11 |
| В01 | 48 | 39 |
| В02 | 5 | 4 |
| В03 | 6 | 4 |
| В04 | 39 | 30 |
| Г01 | 14 | 11 |
| Г02 | 1 | 1 |
| Г03 | 1 | 1 |
| Г04 | 6 | 5 |
| Вкупно | 185 | 136 |
| Помошно технички лица | | |
| А2– Чувар | 21 | 0 |
| А2 – Возач | 4 | 4 |
| Вкупно | 25 | 4 |
| Вкупно во Министерство за здравство (административни службеници и помошно технички лица) | 210 | 140 |

**Член 6**

Општи услови утврдени со Законот за административните службеници / друг посебен закон или колективен договор за адмнистративните службеници се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија,

дејност или должност.

**Член 7**

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/друг посебен закон или колективен договор, за раководните административни службеници од категоријата Б се:

- Стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- потврда за положен испит за административно управување,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,
  - за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор или
  - за нивоата Б3 и Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа:
  - а нивоата Б1 и Б2 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат, ТестДаФ и
  - за нивоата Б3 и Б4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (B1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(2) Потреби општи работни комепетенции на напредно ниво:
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
  стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

**Член 8**

(1) Посебни услови утврдени со закон за стручните административни службеници од категоријата В се:
- стручни квалификации, и тоа:
  - за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
  - за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката или
  - за нивото В4 со или без работно искуство во струката;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (А2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТС со максимум 3 поени, БУЛАТС, или Аптис, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(2) Потреби општи работни комепетенции на средно ниво:
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

**Член 9**

(1) Посебни услови утврдени со Законот за административните службеници/ друг посебен закон или колективен договор за помошно - стручни административни службеници од категоријата Г се:
- ниво на стручни квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование.

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- работно искуство, и тоа:
  - за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
  - за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,
  - за нивото Г3 најмалку една години работно искуство во струката или
  - за нивото Г4 со или без работно искуство во струката;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), и тоа поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1 (A1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно БУЛАТС или Аптис; или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

(2) Потреби општи работни комепетенции на основно ниво:
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон странките/засегнати страни; и
- финансиско управување.

**Член 11**

Посебните услови утврдени со Законот за инспекциски надзор се:

- Работните места на инспекторите се класифицираат во две категории, и тоа:
  (1) категорија Б - раководни инспектори и
  (2) категорија В - инспектори

(1) Во рамките на категоријата Б - раководни инспектори, се утврдуваат следните нивоа на работни места на инспектори:
- Б1 - раководен инспектор од прво ниво,
- Б2 - раководен инспектор од второ ниво,
- Б3 - раководен инспектор од трето ниво и
- Б4 - раководен инспектор од четврто ниво.

Раководниот инспектор од категорија Б, треба да ги исполни следните посебни услови за работното место:
- стручни квалификации: за сите нивоа - најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,

Работно искуство, и тоа за:
- за нивото Б1 најмалку десет години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку пет години на работно место од нивото В1,
- за нивото Б2 најмалку осум години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку три години на работно место од нивото В1,
- за нивото Б3 најмалку шест години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку две години на работно место од нивото В1 или
- нивото Б4 најмалку четири години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку една години на работно место од нивото В1,
- општи работни компетенции за сите нивоата категорија Б, согласно со Рамката на општи работни компетенции;

Посебни работни компетенции за сите нивоа:

- да поседува меѓународно признат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење и тоа еден од следниве:

  - Certiport: IC3 GS4 Key Applications - положен,
  - Microsoft: MOS Word или MOS Excell - положен или
  - ECDL: Core - положен,
  - за сите нивоа да има добиено позитивно мислење за соодветност за работното место со полагање на психолошки тест и тест за интегритет и  за сите нивоа да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

(2) Потреби општи работни комепетенции на напредно ниво:
учење и развој;

комуникација;

остварување резултати;

работење со други/тимска работа;

стратешка свест;

ориентираност кон странките/засегнати страни;

раководење; и

финансиско управување.

(3) Во рамките на категорија В - инспектори се утврдуваат следниве нивоа на работни места на инспектори:

- В1 - инспектор од прво ниво,
- В2 - инспектор од второ ниво,
- В3 - инспектор од трето ниво и
- В4 - инспектор од четврто ниво.

Инспектор од категоријата В треба да ги исполни следниве посебни услови за работното место:

- стручни квалификации за сите нивоа - најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,

Работно искуство, и тоа за:

- нивото В1 најмалку три години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку две години на работно место од нивото В2,
- нивото В2 најмалку две години работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба, од кои најмалку една години на работно место од нивото В3,
- нивото В3 најмалку една година работно искуство во областа на надлежноста на инспекциската служба или
- нивото В4 со или без работно искуство,

Општи работни компетенции за сите нивоа, категорија Б, согласно со Рамката на општи работни компетенции, посебни работни компетенции:

- За сите нивоа да поседува меѓународно признат сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење и тоа еден од следниве:
- Certiport: IC3 GS4 Key Applications - положен,
- Microsoft: MOS Word или MOS Excell - положен или
- ECDL: Core - положен,
  за сите нивоа:

- да има добиено позитивно мислење за соодветност за работното место со полагање на психолошки тест и тест за интегритет и
- за нивоата В1, В2 и В3 да има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекциската служба.

**(4) Потреби општи работни комепетенции на средно ниво:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

За инспекторите нивоата во рамките на категориите дополнително се опишуваат со звање, и тоа:

- Б1 - генерален инспектор,
- Б2 - главен инспектор,
- Б3 - помошник главен инспектор,
- Б4 - виш инспектор,
- В1 - советник инспектор,
- В2 - самостоен инспектор,
- В3 - помошник инспектор и
- В4 - помлад инспектор.

## III. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА

### Член 10

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 25 работни места на помошно - техничките лица, распоредени по организациони единици согласно со Правилникот за внатрешна организација на Министерството за здравство.

### Член 11

Работните места од групата на помошно технички на овој правилник се

распоредени на следниот начин:

(одржување на објекти и опрема)

- Ниво А1 – 1 – Главен чувар – портир
- Ниво А2 – 20 – Чувар, портир II

(превоз на лица и опрема)

- Ниво А2 – 4 - Возач

**Член 12**

Во Министерството за здравство се утврдени 3 работни места на кабинетски службеници во кабинетот на министерот за здравство и тоа:

1. **Кабинетски службеник за прашања поврзани со менаџирање на здравствен систем**
2. **Кабинетски службеник за прашања поврзани со правни работи**
3. **Кабинетски службеник за прашања од областа на здравството**

**Член**
**13**

Во Министерството за здравство се утврдени 3 работни места на посебни советници во кабинетот на министерот за здравство и тоа:

1. **Посебни советници во кабинет на министер за прашања поврзани со здравството( 3 извршители)**;

## VI. ОПИС НА РАБОТНИ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **1** |
| **Шифра** | **УПР0101А01000** |
| **Ниво** | **А01** |
| **Звање** | **Државен секретар** |
| **Назив на работно место** | **Државен секретар** |
| **Број на извршители** | **1** |
| **Одговара пред** | **Министерот** |
| **Вид на образование** | |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | раководење со администртивните службеници, давање на упатства на раководните и другите службеници и вработени во институцијата, решава за правата, обврските и одговорностите на административните службеници согласно со закон |
| **Работни задачи и обврски** | – раководи со административните службеници;<br>– дава упатства на раководните и другите службеници и вработени во институцијата, особено во контекст на управувањето со човечките ресурси;<br>– решава за правата, обврските и одговорностите на административните службеници на начин и постапка утврдена со закон;<br>– постапува по обврски доделени од страна на функционерот на органот;<br>– се грижи за квалитетно и навремено извршувањае на обврските на министерството;<br>– презема мерки и дејствија за сите работи за кои има овластување согласно со закон. |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **2** |
| **Шифра** | |

| | |
|---|---|
| **Ниво** | |
| **Звање** | |
| **Назив на работно место** | **Кабинетски службеник за прашања поврзани со менаџирање на здравствен систем** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | |
| **Вид на образование** | |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | спроведување на сите активности поврзани со координација на организационите единици кои се однесуваат на прашања поврзани со менаџирање на здравствен систем |
| **Работни задачи и обврски** | – да ги прима, распределува и координира работите во врска со материјали поврзани со менаџирање на здравствен систем;<br>– да го следи извршувањето на задачите од страна на организационите единици за кои е дадено задолжение;<br>– да врши проверка на содржината на материјалот доставен од организационите единици;<br>– да го информира министерот и да даде сопствено мислење за содржината наведена во дадените материјали;<br>– спроведување на материјалите до надлежните организациони единици и надлежни органи. |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **3** |
| **Шифра** | |
| **Ниво** | |
| **Звање** | |
| **Назив на работно место** | **Кабинетски службеник за прашања поврзани со правни работи** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | |
| **Вид на образование** | |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | спроведување на сите активности поврзани со координација на организационите единици кои се однесуваат на прашања поврзани со правни работи |
| **Работни задачи и обврски** | – да ги прима, распределува и координира работите во врска со материјали поврзани со правни работи;<br>– да го следи извршувањето на задачите од страна на организационите единици за кои е дадено |

| | |
|---|---|
| | задолжение;<br>– да врши проверка на содржината на материјалот доставен од организационите единици;<br>– да го информира министерот и да даде сопствено мислење за содржината наведена во дадените материјали;<br>– спроведување на материјалите до надлежните организациони единици и надлежни органи. |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **4** |
| **Шифра** | |
| **Ниво** | |
| **Звање** | |
| **Назив на работно место** | **Кабинетски службеник за прашања од областа на здравството** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | |
| **Вид на образование** | |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | спроведување на сите активности од областа на здравството |
| **Работни задачи и обврски** | – да ги прима, распределува и координира работите во врска со материјали поврзани здравството,<br>– да го следи извршувањето на задачите од страна на организационите единици за кои е дадено задолжение;<br>– да врши проверка на содржината на материјалот доставен од организационите единици;<br>– да го информира министерот и да даде сопствено мислење за содржината наведена во дадените материјали;<br>– спроведување на материјалите до надлежните организациони единици и надлежни органи. |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **5** |
| **Шифра** | |
| **Ниво** | |
| **Звање** | |
| **Назив на работно место** | **Посебни советници во кабинет на министер за прашања поврзани со здравството** |
| **Број на извршители** | 3 |

| | |
|---|---|
| **Одговара пред** | |
| **Вид на образование** | |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | спроведување на сите активности поврзани со координација на организационите единици кои се однесуваат на прашања поврзани со здравството |
| **Работни задачи и обврски** | – да ги прима, распределува и координира работите во врска со материјали поврзани со здравството;<br>– да го следи извршувањето на задачите од страна на организационите единици за кои е дадено задолжение;<br>– да врши проверка на содржината на материјалот доставен од организационите единици;<br>– да го информира министерот и да даде сопствено мислење за содржината наведена во дадените материјали;<br>– спроведување на материјалите до надлежните организациони единици и надлежни органи. |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **6** |
| **Шифра** | **УПР0101Б01000** |
| **Ниво** | **Б01** |
| **Звање** | **Државен советник** |
| **Назив на работно место** | **Државен советник за координација и стратешко планирање** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | **Државниот секретар** |
| **Вид на образование** | **медицински науки и здравство, правни науки, Образование** |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | да советува, изготвува мислења и дава препораки од областа на координација и стратешко планирање |
| **Работни задачи и обврски** | – врши најсложени работи и задачи во врска со прашањата што се однесуваат на дефинирањето на координација и стратешко планирање и нејзиното регулирање во законски и подзаконски прописи;<br>– дава предлози за унапредувањето на системот на координација и стратешко планирање;<br>– иницира и предлага ставови по начелни прашања од оваа област;<br>– го советува министерот и државниот секретар за |

| | |
|---|---|
| | решавање на најсложените работи и за остварувањето на програмата за работа на Министерството во врска со координација и стратешко планирање;<br>– дава личен придонес при оформувањето на ставовите<br>– и мислењата за прашања од оваа област кои бараат одлуки од највисоко ниво на Министерството;<br>– ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатната политика од надлежност на Министерството; |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **7** |
| **Шифра** | **УПР0101Б01000** |
| **Ниво** | **Б01** |
| **Звање** | **Државен советник** |
| **Назив на работно место** | **Државен советник за здравствена заштита** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | **Државниот секретар** |
| **Вид на образование** | **медицински науки и здравство, Правни науки** |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | да советува, изготвува мислења и дава препораки од областа на здравствена заштита |
| **Работни задачи и обврски** | – врши најсложени работи и задачи во врска со прашањата што се однесуваат на дефинирањето на здравствена заштита и нејзиното регулирање во законски и подзаконски прописи;<br>– дава предлози за унапредувањето на системот на здравствена заштита;<br>– иницира и предлага ставови по начелни прашања од оваа област;<br>– го советува министерот и државниот секретар за решавање на најсложените работи и за остварувањето на програмата за работа на Министерството во врска со здравствена заштита;<br>– дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања од оваа област кои бараат одлуки од највисоко ниво на Министерството;<br>– ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатната политика од надлежност на Министерството; |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **8** |

| | |
|---|---|
| **Шифра** | **УПР0101Б01000** |
| **Ниво** | **Б01** |
| **Звање** | **Државен советник** |
| **Назив на работно место** | **Државен советник за нормативно – правни работи и здравствено осигурување** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | **Државниот секретар** |
| **Вид на образование** | **правни науки** |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | да советува, изготвува мислења и дава препораки од областа на нормативно – правни работи и здравствено осигурување |
| **Работни задачи и обврски** | - врши најсложени работи и задачи во врска со правните прашања од интерес за Министерството;<br>- иницира и предлага ставови по начелни прашања сврзани со правните работи и здравствено осигурување;<br>- го советува министерот и државниот секретар за решавање на најсложените работи и за остварувањето на програмата за работа на Министерството;<br>- дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за нормативно – правни работи и здравствено осигурување кои бараат одлуки од највисоко ниво на Министерството;<br>- ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатната политика од надлежност на Министерството;<br>- дава мислења од правен аспект при склучувањето на договори од страна на Министерството со домашни и меѓународни субјекти;<br>- дава мислења за управни и судски спорови во кои како странка се јавува Министерството за здравство; |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **9** |
| **Шифра** | **УПР0101Б01000** |
| **Ниво** | **Б01** |
| **Звање** | **Државен советник** |
| **Назив на работно место** | **Државен советник за фармација и хемикали** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | **Државниот секретар** |

| | |
|---|---|
| **Вид на образование** | **медицински науки и здравство, правни науки** |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | да советува, изготвува мислења и дава препораки од областа на фармација и хемикали |
| **Работни задачи и обврски** | – врши најсложени работи и задачи во врска со прашањата што се однесуваат на дефинирањето на фармација и хемикали и нејзиното регулирање во законски и подзаконски прописи;<br>– дава предлози за унапредувањето на системот на фармација и хемикали;<br>– иницира и предлага ставови по начелни прашања од оваа област;<br>– го советува министерот и државниот секретар за решавање на најсложените работи и за остварувањето на програмата за работа на Министерството во врска со фармација и хемикали;<br>– дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања од оваа област кои бараат одлуки од највисоко ниво на Министерството;<br>– ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатната политика од надлежност на Министерството; |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **10** |
| **Шифра** | **УПР0101Б01000** |
| **Ниво** | **Б01** |
| **Звање** | **Државен советник** |
| **Назив на работно место** | **Државен советник за здравствен менаџмент и здравствена политика** |
| **Број на извршители** | **3** |
| **Одговара пред** | **Државниот секретар** |
| **Вид на образование** | **Историски науки, медицински науки и здравство, правни науки** |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | да советува, изготвува мислења и дава препораки од областа на здравствен менаџмент и здравствена политика |
| **Работни задачи и обврски** | – врши најсложени работи и задачи во врска со прашањата што се однесуваат на дефинирањето на здравствен менаџмент и здравствена политика и нејзиното регулирање во законски и подзаконски прописи; |

| | |
|---|---|
| | – дава предлози за унапредувањето на системот на здравствен менаџмент и здравствена политика;<br>– иницира и предлага ставови по начелни прашања од оваа област;<br>– го советува министерот и државниот секретар за решавање на најсложените работи и за остварувањето на програмата за работа на Министерството во врска со здравствен менаџмент и здравствена политика;<br>– дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања од оваа област кои бараат одлуки од највисоко ниво на Министерството;<br>– ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатната политика од надлежност на Министерството; |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **11** |
| **Шифра** | **УПР0101Б01000** |
| **Ниво** | **Б01** |
| **Звање** | **Државен советник** |
| **Назив на работно место** | **Државен советник за внатрешна ревизија и квалитет на здравствени услуги** |
| **Број на извршители** | **1** |
| **Одговара пред** | **Државниот секретар** |
| **Вид на образование** | **правни науки, Економски науки** |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цел** | да советува, изготвува мислења и дава препораки од областа на внатрешна ревизија и квалитетот на здравствените услуги |
| **Работни задачи и обврски** | – врши најсложени работи и задачи во врска со прашањата што се однесуваат на дефинирањето на внатрешна ревизија и квалитетот на здравствените услуги и нејзиното регулирање во законски и подзаконски прописи;<br>– дава предлози за унапредувањето на системот на следење и унапредување на квалитетот на внатрешна ревизија и квалитеот на здравствените услуги;<br>– иницира и предлага ставови по начелни прашања од оваа област;<br>– го советува министерот и државниот секретар за решавање на најсложените работи и за остварувањето на програмата за работа на Министерството во врска со внатрешна ревизија и квалитетот на здравствените услуги;<br>– дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања од оваа област |

| | |
|---|---|
| | кои бараат одлуки од највисоко ниво на Министерството;<br>– ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатната политика од надлежност на Министерството; |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **12** |
| **Шифра** | **УПР0101Б01000** |
| **Ниво** | **Б01** |
| **Звање** | **Државен советник** |
| **Назив на работно место** | **Државен советник за европски интеграции и меѓународна соработка** |
| **Број на извршители** | **1** |
| **Одговара пред** | **Државниот секретар** |
| **Вид на образование** | **правни науки** |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | да советува, изготвува мислења и дава препораки од областа на европски интеграции и меѓународната соработка |
| **Работни задачи и обврски** | – врши најсложени работи и задачи во врска со прашањата што се однесуваат на дефинирањето на европски интеграции и нејзиното регулирање во законски и подзаконски прописи;<br>– дава предлози за унапредувањето на системот на европски интеграции;<br>– иницира и предлага ставови по начелни прашања од оваа област;<br>– го советува министерот и државниот секретар за решавање на најсложените работи и за остварувањето на програмата за работа на Министерството во врска со европски интеграции;<br>– дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања од оваа област кои бараат одлуки од највисоко ниво на Министерството;<br>– ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатната политика од надлежност на Министерството; |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **13** |
| **Шифра** | **УПР0101Б01000** |
| **Ниво** | **Б01** |

| | |
|---|---|
| **Звање** | **Државен советник** |
| **Назив на работно место** | **Државен советник за јавни набавки** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | **Државниот секретар** |
| **Вид на образование** | **правни науки, медицински науки и здравство** |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | да советува, изготвува мислења и дава препораки од областа на јавни набавки |
| **Работни задачи и обврски** | – врши најсложени работи и задачи во врска со прашањата што се однесуваат на дефинирањето на јавни набавки и нејзиното регулирање во законски и подзаконски прописи;<br>– дава предлози за унапредувањето на системот на јавни набавки;<br>– иницира и предлага ставови по начелни прашања од оваа област;<br>– го советува министерот и државниот секретар за решавање на најсложените работи и за остварувањето на програмата за работа на Министерството во врска со јавни набавки;<br>– дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања од оваа област кои бараат одлуки од највисоко ниво на Министерството;<br>– ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатната политика од надлежност на Министерството; |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **14** |
| **Шифра** | **УПР0101Б01000** |
| **Ниво** | **Б01** |
| **Звање** | **Државен советник** |
| **Назив на работно место** | **Државен советник за човечки ресурси** |
| **Број на извршители** | **1** |
| **Одговара пред** | **Државниот секретар** |
| **Вид на образование** | **правни науки, Образование, медицински науки и здравство** |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | да советува, изготвува мислења и дава препораки од областа на човечки ресурси |

| | |
|---|---|
| | |
| **Работни задачи и обврски** | – врши најсложени работи и задачи во врска со прашањата што се однесуваат на дефинирањето на човечки ресурси и нејзиното регулирање во законски и подзаконски прописи;<br>– дава предлози за унапредувањето на системот на човечки ресурси;<br>– иницира и предлага ставови по начелни прашања од оваа област;<br>– го советува министерот и државниот секретар за решавање на најсложените работи и за остварувањето на програмата за работа на Министерството во врска со човечки ресурси;<br>– дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања од оваа област кои бараат одлуки од највисоко ниво на Министерството;<br>– ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатната политика од надлежност на Министерството; |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **15** |
| **Шифра** | **УПР0101Б01000** |
| **Ниво** | **Б01** |
| **Звање** | **Државен советник** |
| **Назив на работно место** | **Државен советник за медицинска опрема** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | **Државниот секретар** |
| **Вид на образование** | **медицински науки и здравство, правни науки** |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | да советува, изготвува мислења и дава препораки од областа на медицинска опрема |
| **Работни задачи и обврски** | – врши најсложени работи и задачи во врска со прашањата што се однесуваат на дефинирањето на медицинска опрема и нејзиното регулирање во законски и подзаконски прописи;<br>– дава предлози за унапредувањето на системот на медицинска опрема;<br>– иницира и предлага ставови по начелни прашања од оваа област;<br>– го советува министерот и државниот секретар за решавање на најсложените работи и за остварувањето на програмата за работа на Министерството во врска со медицинска опрема;<br>– дава личен придонес при оформувањето на |

| | |
|---|---|
| | ставовите и мислењата за прашања од оваа област кои бараат одлуки од највисоко ниво на Министерството;<br>– ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатната политика од надлежност на Министерството; |

| 1. СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ |
|---|

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **16** |
| **Шифра** | **УПР0101Б02000** |
| **Ниво** | **Б02** |
| **Звање** | **Раководител на сектор** |
| **Назив на работно место** | **Раководител на сектор за управување со човечки ресурси** |
| **Број на извршители** | **1** |
| **Одговара пред** | **Државниот секретар** |
| **Вид на образование** | **правни науки, медицински науки и здравство** |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Координирање, организирање, обединување и насочување на работата на Секторот |
| **Работни задачи и обврски** | – ја организира, обединува и насочува работата на Секторот и непосредно работи на најсложените работи и задачи во Секторот;<br>– одговара за навремено, законито и квалитетно вршење на работите и задачите од делокругот на Секторот;<br>– ги распоредува работите и задачите на раководителите на Одделенијата во Секторот и дава потребна стручна помош на вработените во изготвувањето на материјалите;<br>– ја води тековната преписка и потпишува акти од надлежност на Секторот;<br>– предлага ставови по начелни системски прашања и иницира решавање на одделни прашања во врска со човечките ресурси, врши функционална анализа на надлежноста на органот на државната служба и ја организира и насочува работата при изработка на правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места во врска со обезбедување на целосна методолошка, организациска и техничка поддршка на сите активности со сите сектори и ги координира и насочува сите активности во врска со вработувањето и мобилноста во државна служба за потребите на органот, во врска со оценувањето, |

| | |
|---|---|
| | стручното оспособување и усовршување на административните службеници, во врска со мотивацијата и подобрувањето на квалитетот на меѓучовечките односи и во врска со правата, должностите и одговорностите на административните службеници,<br>– учествува во работата на телата на Владата и на Собранието на Република Македонија;<br>– непосредно работи на најсложените работи и задачи во Секторот, се грижи за соодветна примена на прописите од областа на човечките ресурси;<br>– дава стручна помош при работата на комисиите за утврдување над одоговорност на вработените, учествува во постапките за вработување и унапредување во Министерството,<br>– се грижи за работната дисциплина на административните службеници во Секторот |

| **1.1** | **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МОБИЛНОСТ И ВРАБОТУВАЊЕ ВО ДРЖАВНА СЛУЖБА** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **17** |
| **Шифра** | **УПР 01 01 Б04 000** |
| **Ниво** | **Б04** |
| **Звање** | **Раководител на одделение** |
| **Назив на работно место** | **Раководител на одделение за мобилност и вработување во државна служба** |
| **Број на извршители** | **1** |
| **Одговара пред** | **Раководител на сектор** |
| **Вид на образование** | **правни науки, медицински науки и здравство** |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Организирање и координирање на работите во одделението |
| **Работни задачи и обврски** | - раководи со Одделението, ги организира и ги координира работите во Одделението и е одговорен за нивното навремено, законито и квалитетно извршување;<br>- ги следи и се грижи за правилна примена на законите и подзаконските акти од областа на човечките ресурси кои се однесуваат на селекцијата, вработувањето и мобилноста во државната служба;<br>- ги врши најсложените работи и задачи од делокругот на Одделението;<br>- учествува во организирање и насочува работата при изработка на правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места во врска со обезбедување на целосна методолошка, организациска и техничка поддршка на сите |

| | |
|---|---|
| | активности со сите сектри и помага на раководителот на секторот во координирање и насочување сите активности во врска со вработувањето и мобилноста во државна служба за потребите на органот, во врска со оценувањето, стручното оспособување и усовршување на државните службеници, во врска со мотивацијата и подобрувањето на квалитетот на меѓучовечките односи и во врска со правата, должностите и одговорностите на државните службеници<br>- ги распоредува работите и задачите на вработените во Одделението и им дава насоки за нивно извршување;<br>- врши прием и распоредување на поднесените претставки, предлози и други барања упатени до одделението,<br>- изготвува обрасци на решенија, заклучоци, записници и други управно – правни акти од надлежност на одделението;<br>- учествува во подготовката на планот за работа на секторот, дава стручна помош и совети на административни службеници со пониско звање во одделението и соработува со другите административни службеници. |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **18** |
| **Шифра** | **УПР 01 01 В01 000** |
| **Ниво** | **В01** |
| **Звање** | **Советник** |
| **Назив на работно место** | **Советник за селекција, вработување и меѓусекторска соработка** |
| **Број на извршители** | **1** |
| **Одговара пред** | **Раководител на одделение** |
| **Вид на образование** | **правни науки, Образование, Политички науки** |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | унапредување во управувањето со човечките ресурси |
| **Работни задачи и обврски** | – дава совети при подготвувањето на Правилникот за внатрешна организација и работа и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството;<br>– самостојно ги изготвува процедурите за работа од надлежност на одделението;<br>– врши анализи и проценки на потребите за вработување или распоредување на вработените во министерството, учествува во изработката на аналитички извештаи за прашања поврзани со привлекувањето и задржувањето на високо квалификувани кадри, вработувањето, хоризонталната мобилност и престанокот на |

| | |
|---|---|
| | вработувањето на административни службеници,<br>– подготвува стратегии и политики за потребите на организацијата на начин на кој човечките ресурси се идентификуваат и развиваат во насока на постигнување на стратешките цели и се грижи за развивање на асоцијативност помеѓу личните цели на поединецот и целите на организацијата преку нивно вклучување во креирање на политиките на организацијата<br>– самостојно ги извршува активностите и ги изготвува атите кои произлегуваат од постапките за секција и вработување во министерството; ги следи и проучува теоретските и практични искуства во земјата и странство за работите од областа на управување и менаџирање со човечки ресурси;<br>- изготвува решенија кои произлегуваат од делокругот на работата на секторот за управуавање со човечките ресурси,<br>- подготвува аналитички извештаи за користењето на работното време, за нивото на мотивација и етика на вработените и ја следи примената на етичкиот кодекс за државни службеници, и<br>- ги следи и применува законите и подзаконските акти од областа на човечките ресурси кои се однесуваат на селекцијата, вработувањето и мобилноста во државната служба, соработува со другите државни службеници и помага во остварувањето на останатите надлежности од делокругот на одделението |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **19** |
| **Шифра** | **УПР 01 01 В03 000** |
| **Ниво** | **В03** |
| **Звање** | **Соработник** |
| **Назив на работно место** | **Соработник за Планирање на човечки ресурси и следење на правата од работен однос** |
| **Број на извршители** | **1** |
| **Одговара пред** | **Раководител на одделение** |
| **Вид на образование** | **правни науки, образование, Социологија** |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | учествува во унапредување во управувањето со човечките ресурси |
| **Работни задачи и обврски** | - учествува во процесите на планирање на човечки ресурси за подготовка на нацрт актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во органот,<br>- врши стручни работи во врска со спроведувањето на законските прописи од областа на работни односи;<br>- изготвува решенија кои произлегуваат од делокругот на работата на одделението за управуавање со човечките ресурси, |

| | |
|---|---|
| | - се грижи за следење на имплементацијата на Законот за административни службеници и другите законски прописи од областа на работните односи во државните органи и подзаконски акти вклучувајќи ги оние поврзани со правичната застапеност на заедниците;<br>- прибира податоци потребни во процесот на позитивна материјална и нематеријална компензација на вработените и податоци потребни за водење на постапките за дисциплинска и материјална одговорност;<br>- прибира податоци за исполнувањето на индивидуалните индикатори за извршување на работните задачи;<br>- ја следи примената за општите акти за права, обврски и одговорност на работниците<br>- ги следи и учествува во во изготвување на актите од областа на работните односи<br>- учествува во изготвување на редовните статистички и други извештаи поврзани со персоналната евиденција и планот за годишните одмори, проверка во спроведувањето на мерките за заштита на податоци. |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **20** |
| **Шифра** | **УПР 01 01 В04 000** |
| **Ниво** | **В04** |
| **Звање** | **Помлад соработник** |
| **Назив на работно место** | **Помлад соработник за Управување со база на податоци за човечки ресурси** |
| **Број на извршители** | **1** |
| **Одговара пред** | **Раководител на одделение** |
| **Вид на образование** | **Правни науки, Политички науки, Образование** |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Помага во унапредување во управувањето со човечки ресурси |
| **Работни задачи и обврски** | - прибира податоци и информации и учествува во подготвувањето на решенија за годишен одмор и отсуствата од работа согласно закон, решенија за распоредување на државен службеник по повод спроведено оценување, решенија за враќање на работа по престанок на вршење на одредена функција во Републиката или странство и во други случаи кога се активира мирувањето на вработувањето кое било во мирување согласно закон, решенија за плата, додатоци и надоместоци на плата,<br>- прибира податоци и информации за подготовка на функционалната анализа на работните места и потребите на органот;<br>- прибира податоци и информации и учествува во подготвувањето решенија и други видови акти за реализација на правата кои произлегуваат од Законот за административни службеници, Законот за работните односи, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за соодветната фискална година, |

| | |
|---|---|
| | Колективниот договор кој се однесува на соодветниот орган и други видови општи прописи со кои се уредуваат оредени права на државните службеници;<br>- прибира податоци и информации и учествува во ажурирањето на бази на податоци во врска со соодветната и правична застапеност и други видови бази на податоци;<br>- ги следи и применува прописите од областа на службеничкиот однос, соработува со другите државни службеници и помага во остварувањето на останатите надлежности од делокругот на одделението,<br>- помага во изготвување на актите со кои се утврдуваат правата и обврските на вработените и помага во ажурирање на базата на податоци од горенаведеното;<br>- помага при изготвување на работните процедури кои ги уредуваат правата од работен однос;<br>- ги проучува и ја следи усогласеноста на работата со прописите од областа на работните односи;<br>- помага во изработката на аналитички извештаи за прашања поврзани со привлекувањето и задржувањето на високо квалификувани кадри, вработувањето, хоризонталната мобилност и престанокот на вработувањето на државните службеници. |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **21** |
| **Шифра** | **УПР 01 01 Г01 000** |
| **Ниво** | **Г01** |
| **Звање** | **Самостоен референт** |
| **Назив на работно место** | **Самостоен референт за персонално работење** |
| **Број на извршители** | **1** |
| **Одговара пред** | **Раководител на одделение** |
| **Вид на образование** | **Вишо/Средно (гимназија) или земјоделска струка, биротехничка струка** |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Поддршка на спроведувањето на функциите од делокругот на одделението преку вршење на сложени административни задачи, во согласност со општите упатства на раководителот на одделението, а со цел грижа за постојан развој на персоналната евиденција поврзана со управувањето со човечките ресурси. |
| **Работни задачи и обврски** | - го води кадровското и персоналното работење, води евиденција на сите видови акти за вработените кои се чуваат во работните досиеја и се грижи за безбедно чување на работните досиеја за вработените;<br>- извршува пријавување и одјавување на вработените во Агенцијата за вработување (М1/М2 обрасци), врши ажурирање на списокот (табеларен преглед) на вработените и подготвува потврди во врска со |

| | |
|---|---|
| | службеничкиот однос на вработените;<br>- редовно ги ажурира документите, води евиденција за изречените мерки на државните службеници за дисциплинска и материјална одговорност и ги евидентира и чува обрасците за оценување на државните службеници во нивните работни досиеја;<br>- подготвува и поднесува Рекапитулар до Фондот за здравствено осигурување на Македонија за платени придонеси, подига потврди за платени придонеси за вработените – сини картони, врши распоред и доставување на сините картони на вработените, врши пријавување и одјавување на вработените и членовите на нивните семејства во Фондот за здравствено осигурување на Македонија и пополнување на здравствени легитимации на вработените;<br>- подготвува и обработува податоци во врска со човечките ресурси и обработува документација која служи како основа за изработка на анализи и информации, а се однесуваат на подготвителни работи во врска со управувањето со човечките ресурси, и<br>- соработува со другите државни службеници и помага во остварувањето на останатите надлежности од делокругот на одделението. |

| | |
|---|---|
| **Реден број** | **22** |
| **Шифра** | **УПР 01 01 Г04 000** |
| **Ниво** | **Г04** |
| **Звање** | **Помлад референт** |
| **Назив на работно место** | **Помлад референт за персонална евиденција** |
| **Број на извршители** | **2** |
| **Одговара пред** | **Раководител на одделение** |
| **Вид на образование** | **Вишо / Средно ( гимназија ) или стручно образование( земјоделска струка, биротехничка струка)** |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Спроведување на наједноставни рутински задачи како поддршка на одредени функции од делокругот на одделението во областа на водењето на персоналната евиденција поврзана се управувањето со човечките ресурси, во согласност со упатствата и под надзор и контрола на раководителот на одделението. |
